# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.**

**Среда, 18 март 1981**
**Скопје**
**Број 8 Год. XXXVII**

**Претплатата за 1981 година изнесува 850 динари. Овој број чини 20 дин. Жиро сметка 40100-603-12498**


**78.**

Врз основа на член 31 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ“ број 21/71 и 24/73), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 18 февруари 1981 година и на седницата на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница на здравството и здравственото осигурување, одржана на 26 февруари 1981 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1981 ГОДИНА

### I

Со оваа програма се утврдуваат обемот на правата и поблиските критериуми за спроведување на задолжителните видови на здравствена заштита.

### II
### ОТКРИВАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ, СУЗБИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА, ВЕНЕРИЧНИТЕ И ДРУГИТЕ ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ШТО ПОДЛЕЖАТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРИЈАВУВАЊЕ

Мерките против туберкулозата ги опфаќаат сите форми на белодробна и вонбелодробна туберкулоза, означени во Меѓународната класификација на болестите, повредите и причините за смрт на IX ревизија на категориите од 010 до 018.

Масовните радиографски снимања на населението, систематските прегледи на определени групи население, како и масовните тестирања со туберкулин се вршат врз основа на програмите на општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување, според епидемиолошките индикации.

Масовните радиографски снимања за рано откривање на туберкулозата во 1981 година ќе се вршат на населението над 14-годишна возраст во општините: Штип, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Пробиштип, Радовиш, Скопје — Кисела Вода.

Горните прегледи ќе ги вршат Институтот за градни болести и туберкулоза на СРМ, антитуберкулозните диспанзери при медицинските центри и здравствените домови.

Патронажни посети се вршат на заболени од туберкулоза три пати во годината, а на заболените во неактивна форма на туберкулоза најмалку еднаш годишно.

Посетите ги вршат антитуберкулозните диспанзери при здравствените домови и медицинските центри.

Епидемиолошки надзор ќе се врши на лицата со неактивна туберкулоза со клинички, рендгенски и бактериолошки прегледи најмалку еднаш во годината, односно на лицата што се во контакт со заболени, а постои сомневање за заболување (според медицинските индикации) — најмалку два пати во годината.

Погоре наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови и медицинските центри.

Во групата на венерични болести за кои се програмираат мерки за откривање, спречување, сузбивање и лекување спаѓаат заболувањата наведени во Меѓународната класификација на болестите, повредите и причините за смрт, ревизија во категориите од 090 до 099.

Откривањето, спречувањето, сузбивањето и лекувањето се изведува, по правило, под раководство на специјалист — дерматовенеролог. Во местата каде што нема такви лекари, со тие задачи можат да раководат лекари од општа медицина.

Посебните мерки за откривање, спречување, сузбивање и лекување на туберкулозата, венеричните и други заразни болести, се однесуваат на заразните болести кои задолжително се пријавуваат врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести кои ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“ број 58/78 — Пречистен текст) и Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на СРМ“ број 18/76).

Посебните мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, заводите за здравствена заштита, институтите и клиниките на Универзитетскиот центар за медицински науки, специјалните и општите болници во рамките на својот делокруг на работа.

Покрај мерките за откривање, спречување, сузбивање и лекување на туберкулозата, венеричните и другите заразни болести, во 1981 година ќе се спроведуваат и други мерки и активности предвидени со Акционата програма за подобрување на санитарно-хигиенската и епидемиолошката состојба во СР Македонија за периодот од 1981 до 1985 година, во 1981 година, а за откривање на маларијата ќе се врши пасивен надзор според епидемиолошките индикации.

Задолжителна имунизација против заразните болести ќе се врши и според Програмата за спроведување на задолжителна имунизација на населението против заразни болести во 1981 година што ја донесува Републичкиот секретаријат за здравство и социјална политика.

Погоре наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, заводите за здравствена заштита, клиниките и општите болници.

### III
### НЕГА, ЛЕКУВАЊЕ И ПРЕВОЗ НА БОЛНИ ОД ДУШЕВНИ БОЛЕСТИ КОИ ПОРАДИ ПРИРОДАТА И СОСТОЈБАТА НА БОЛЕСТА МОЖАТ ДА ГО ЗАГРОЗАТ СВОЈОТ ЖИВОТ И ЖИВОТИТЕ НА ДРУГИ ЛИЦА ИЛИ ДА ГИ ОШТЕТАТ МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА НА ОКОЛИНАТА

Дијагноза на душевни заболувања или состојби може да постави лекар, а потребата од лекување и изолација може да ја утврди само лекар — невропсихијатар.

Лесните форми на овие заболувања, односно ремисии на заболувањето, можат да се лекуваат и амбулантно, но само по индикации, под надзор и упатство од лекар невропсихијатар. Лекувањето на

болни од душевни болести се спроведува во болничките одделенија на медицинските центри, во специјалните болници за душевни болести и невропсихијатриска клиника.

Мерките за здравствена заштита се однесуваат на заболени од следните манифестни видови на психози: шизофрени групи, манијакодепресивни групи, инволутивни меланхолии, паранои, сенилни и пресенилни психози со артериосклероза на мозокот, алкохолни психози, епилепсија со психотични промени, симптоматски психози, како и поблиску означени психози.

Прегледот, лекувањето и евиденцијата ги вршат соодветни здравствени организации во своите простории или во станот на болниот според медицинските индикации, вклучувајќи ги специфичните лекови (психофармака).

Превозот се врши со санитетски коли или со други превозни средства, според медицинските индикации.

## IV

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖЕНАТА ВО ВРСКА СО БРЕМЕНОСТА, ПОРОДУВАЊЕТО, МАЈЧИНСТВОТО И КОНТРАЦЕПЦИЈАТА

Здравствената заштита во врска со бременоста, породувањето, мајчинството и контрацепцијата опфаќа:

1. Во текот на бременоста:

— 3,2 посети по бремена или вкупно околу 124.800 посети во советувалиште за бремени;

— 1,2 патронажни посети по бремена или вкупно 48.800 патронажни посети;

— лабораториско иследување на крвни групи, РХ фактор и Васерман еднаш на сите прворотки или вкупно околу 14.400, на урината два пати или вкупно 77.000, а на хемоглобинот и еритроцитите најмалку еднаш кај околу 39.000 бремени жени.

2. Стручна помош при раѓањето во здравствени организации или домот на родилката ќе се обезбеди за околу 83%, односно за 32.370 родилки.

3. Во текот на леунството:

— една посета по леунка или вкупно околу 39.000 посети во советувалиште во првите шест недели по раѓањето;

— една патронажна посета во домот на леунката или вкупно околу 39.000 посети.

4. Следење, посебен надзор и контрола на жените по првото прекинување на бременоста, а жените со РХ негативен фактор по првото прекинување на бременоста да добиваат анти Д гама глобулин.

5. Опфат на 8% или на околу 65.000 жени во генеративниот период со совети за контрацепција и давање на контрацептивни средства без надоместок.

6. Прегледи и лекување на жената во здравствена организација или во станот, во случај на болест во врска со бременоста и компликациите во текот на бременоста или како последица на бременоста, породувањето и до 6 месеци по породувањето, вклучувајќи ги и лековите.

7. Забоздравствена заштита на жената во текот на бременоста и 6 месеци по породувањето без протетика.

8. Превоз со санитетски коли или други превозни средства при упатување во здравствена организација заради породување, во случај на болест во врска со бременоста и породувањето.

Задачите и мерките во наведениот обем ги вршат соодветните единици на здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките и Градската општа болница — Скопје.

## V

## ЦЕЛОСНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И МЛАДИНАТА ДО 20-ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Целосна здравствена заштита на децата и младината до 20-годишна возраст опфаќа:

1. Стручна контрола на психичкиот и физичкиот развиток на децата и младината, патронажни посети, и тоа на:

а) Новороденo

— просечно по една посета во советувалиште или дома, или вкупно 39.000 посети;

— просечно по една патронажна посета, или вкупно 39.000 посети.

б) Доенче

— просечно по 2,9 посети во советувалиште, или вкупно 112.000 посети;

— просечно по 1,5 патронажни посети, или вкупно 40.000 посети.

в) Претшколски деца

— просечно по една посета во советувалиште на децата во втората, третата и шестата година, или вкупно околу 109.000 посети;

— просечно по една патронажна посета на децата во втората година на возраста, или вкупно околу 37.000 посети.

г) Училишни деца и младина до 20-годишна возраст

— систематски преглед на учениците од I, IV и VII одделение на основните училишта;

— систематски преглед на учениците во I и IV година во средните училишта;

— систематски преглед секоја година на учениците во училиштата за средно образование за занимања.

Вкупно систематски прегледи од буквата г) околу 150.000.

2. Заштита и лекување на заби:

— систематски преглед на забите, просечно еднаш во три години, откривање и санирање на аномалиите на забите, почнувајќи од третата година на животот со задолжителна санација;

— лекување на забите со примена на ортопедски мерки и давање на протетички помагала, вклучувајќи ги и лековите.

3. Преглед, лекување и рехабилитација во сите здравствени организации или во станот според медицинските индикации, вклучувајќи ги и лековите и сите видови ортопедски помагала.

4. Сместување и згрижување на мајката — родилка на болно дете до една година од животот за време на лекувањето на детето во стационарна здравствена организација.

Задачите и мерките во наведениот обем ги вршат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките, специјалните и општите болници и заводите за медицинска рехабилитација.

## VI

## ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА УЧИЛИШНАТА МЛАДИНА И РЕДОВНИТЕ СТУДЕНТИ НА ВИШИТЕ И ВИСОКИТЕ ШКОЛИ ДО 26-ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Здравствената заштита на училишната младина и студентите на вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии до крајот на пропишаното редовно школување, но најдоцна до навршената 26-та година од животот, опфаќа:

1. Еден систематски преглед на студентите од вишите школи во I година на студиите, а за студентите на факултетите и високите школи во I и II година на студиите во 1981 година;

2. Заштита и лекување на заби — преглед и лекување на заби;

3. Протетички и рехабилитациони мерки кај оштетувањето и кај ортопедските аномалии и деформитети, што ги вршат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките, специјалните болници и Заводот за медицинска рехабилитација на СРМ — Скопје.

Систематските прегледи се вршат според посебна програма изготвена од општествено-политичките заедници и самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување.

VII
ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МЛАДИНАТА ДО НАВРШЕНИТЕ ДВАЕСЕТ И ШЕСТ ГОДИНИ ОД ЖИВОТОТ ВО ВРСКА СО СПРЕЧУВАЊЕТО И СУЗБИВАЊЕТО НА РЕУМАТСКА ТРЕСКА

Здравствената заштита на младината до навршените 26-години од животот во врска со спречувањето и сузбивањето на реуматската треска, опфаќа:

1. Спречување и сузбивање на лабораториските потврдени стрептококни заболувања на грлото и рецидиви на реуматска треска според медицинските и епидемиолошките индикации.

2. Лекувањето во здравствени организации и во станот, вклучувајќи ги и лековите.

Погоре наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките и специјалните болници.

VIII
РАНО ОТКРИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА МАЛИГНИТЕ НЕОПЛАЗМИ

Мерките за рано откривање и лекување на малигните неоплазми опфаќаат:

1. Пријавување на малигните неоплазми.

2. Систематски прегледи во врска со раното откривање на малигните неоплазми (според програмите на самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување).

3. Преглед и лекување на соодветни клинички и лабораториски верифицирани случаи во соодветни здравствени организации или во станот според медицинските индикации, опфаќајќи ги и лековите.

4. Патронажната посета на болните што се наоѓаат на домашно лекување, според медицинските индикации, најмалку еднаш во годината.

IX
РАНО ОТКРИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА ШЕЌЕРНАТА БОЛЕСТ

Мерките за превенција, рано откривање и лекување на шеќерната болест опфаќаат:

1. Пријавување на шеќерната болест;

2. Преглед и лекување на болниот од шеќерна болест во соодветни здравствени организации, вклучувајќи ги лекарствата и обезбедување на прибор и средства за лекување и самоконтрола.

Наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, а лекувањето — стационарните здравствени организации (медицинските центри и клиниките).

X
РАНО ОТКРИВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛНИТЕ ОД ПРОГРЕСИВНА МУСКУЛНА ДИСТРОФИЈА

Мерките за рано откривање и лекување на болните од прогресивна мускулна дистрофија опфаќаат:

1. Еден систематски преглед во годината на сите членови на семејството на болните помлади од 20 години;

2. Преглед и лекување во определени здравствени организации или во станот на болниот, вклучувајќи ги и специфичните лекарства;

3. Патронажни посети на болниот или на семејството на болниот еднаш во годината.

Наведените мерки ги преземаат здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, а лекувањето — специјалните здравствени организации.

XI
ЦЕЛОСНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦАТА НАД 65-ГОДИШНА ВОЗРАСТ

Целосната здравствена заштита на лицата над 65-годишна возраст опфаќа:

1. Преглед, лекување и рехабилитација во сите здравствени организации или во станот според медицинските индикации вклучувајќи ги и лековите и сите видови ортопедски помагала;

2. Преглед и лекување на заби со примена на ортопедски мерки и давање протетички помагала, вклучувајќи ги и лековите.

Прегледот и лекувањето се врши во здравствените станици, здравствените домови, медицинските центри, клиниките, општите и специјалните болници, Заводот за медицинска рехабилитација на СРМ и Институтот за градни болести и туберкулоза на СРМ.

XII
ЗДРАВСТВЕНО ВОСПИТУВАЊЕ

Здравственото воспитување опфаќа подигање на здравствената култура на населението по пат на организирање на програмска здравствено-воспитна работа со здраво и заболено население, во секојдневната работа во советувалиштето, при патронажната посета и преку други форми.

При спроведувањето на програмската здравствено-воспитна работа во здравствените и другите организации се користат методи на здравствено-воспитна работа со примена на нагледни здравствено-воспитни средства и уредување на средината и амбиентот.

Здравственото воспитување го спроведуваат здравствените организации и организациите на Црвениот крст.

Во спроведувањето на здравственото воспитување здравствените организации и организациите на Црвениот крст соработуваат со месните заедници, организациите на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Сојузот на социјалистичката младина на Македонија, организациите на здружениот труд од областа на науката, образованието и воспитувањето, како и со други самоуправни организации и заедници.

XIII
ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на програмата за 1981 година ќе се врши според Законот за здравствено осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, и тоа:

— за осигурениците — работници и нивните членови на семејството — преку самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување на работниците;

— за осигурениците — земјоделци и нивните членови на семејството — преку самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување на земјоделците и партиципација на Републиката од Републичкиот буџет во висина од 51.000.000 динари;

— за неосигурените лица со познато живеалиште — од буџетот на општините;

— за неосигурените лица со непознато живеалиште — од буџетот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-519
18 февруари 1981 година
Скопје

| Претседател на Соборот на здружениот труд, | Потпретседател на Собранието на СРМ, |
| --- | --- |
| инж. **Слободан Арнаудов** с. р. | **Мито Мицајков,** с. р. |

**79.**

Врз основа на член 21 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1981 година („Службен весник на СРМ“, број 44/80), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

# ОДЛУКА
## ЗА ПРЕМИЈА НА МАСЛОТО ЗА ЈАДЕЊЕ

1. На Фабриката за производство на масло за јадење „Благој Ѓорев“ — Титов Велес и се одобрува премија на масло за јадење во износ од 1.056.000 динари.

2. Овие средства се наменети за откуп на 800 тони сурово масло од фабриката „Дунавка“ од Велико Кладиште со премија од 1,32 динари по литар.

3. Премијата од точка 1 на оваа одлука ќе се исплати од средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1981 година „Раздел 68 — Средства за компензации, премии, регреси и за пополнување на стоковните резерви“, позиција 625.

Средствата од став 1 на оваа точка се даваат без обврска за враќање.

4. Оваа одлука ќе ја спроведе Републичкиот секретаријат за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-151/1
21 јануари 1981 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**80.**

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 20/78) и член 169 став 2 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 24/76), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНЕН ОБЈЕКТ — РУДНИК ЗА ОЛОВО И ЦИНК „ТОРАНИЦА“ СО ПРИДРУЖНИ ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА КРИВА ПАЛАНКА

1. Се утврдува локација на инвестиционен објект — Рудник за олово и цинк „Тораница“ со придружни објекти на подрачјето на Општината Крива Паланка, во смисла на член 40 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

2. Составен дел на оваа одлука се графичките прикази (ситуација на објектите на рудникот и јаловиштето во размер 1 : 1000 и 1 : 2500), кои се наоѓаат во Републичкиот секретаријат за урбанизам.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-434/1
26 февруари 1981 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**81.**

Врз основа на член 69 став 4 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“, бр. 9/78 и 43/78) и член 96 став 2 од Законот за основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“, бр. 11/76, 4/77 и 46/78), републичкиот секретар за здравство и социјална политика во согласност со републичкиот секретар за наука и образование, донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ЛИЦАТА ПОПРЕЧЕНИ ВО ФИЗИЧКИОТ И ПСИХИЧКИОТ РАЗВИТОК

Член 1

Со овој правилник се регулира начинот на распоредувањето на лицата попречени во физичкиот и психичкиот развиток, условите што треба да ги исполнува организацијата на здружениот труд што дава наод и мислење за видот и степенот на попреченоста, начинот на водење на евиденцијата на лицата попречени во физичкиот и психичкиот развиток и нивното упатување на специјално воспитание и образование, заштита и рехабилитација.

Член 2

Лицата попречени во физичкиот и психичкиот развиток се распоредуваат како:

1. лица со пречки во видот;
2. лица со пречки во слухот;
3. лица со пречки во говорот и гласот;
4. телесно-инвалидни лица;
6. лица со пречки во психичкиот развиток;
6. лица со повеќе видови на пречки (со комбинирани недостатоци).

Член 3

Со пречки во видот се сметаат слабовидни и слепи лица.

Слабовидно се смета лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот помала од 40% (0,4) и лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот поголема од 40% (0,4) но кај кое се предвидува извесно влошување на видот.

Слепо се смета лице кое на подоброто око со корекционо стакло има острина на видот до 10% (0,10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0,25) на кое видното поле му е стеснето до 20°. Според степенот на попреченоста слепите лице се распоредуваат во три групи и тоа:

— лице кое потполно го изгубило осетот за светло (амауроза);

— лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот до 5% (0,05) или лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0,10) или има видно поле стеснето до 20°;

— лице кое на подоброто око со корекционо стакло има остаток на видот помалку од 10% (0,10) и лице со централен вид на подоброто око со корекционо стакло до 25% (0,25) и кое има видно поле стеснето до 20°.

Слабовидно — практично слепо лице се смета лице со толку намалена функционална способност на органот за вид која не му овозможува воспитание и образование претежно по визуелен пат.

Лицата со пречки во видот од овој член се упатуваат на специјално воспитание и образование.

Член 4

Со пречки во слухот се сметаат наглувите и глувите лица.

Наглуво се смета лице кај кое губитокот на слухот е од 30 до 85 децибели и кое има потполно или делумно развиен говор. Според губитокот на слухот и развиеноста на говорот на глувите лица се распоредуваат во три групи и тоа:

— лице со умерен губиток на слухот (линеарни и селективни редукции) од 30 до 60 децибели на подоброто уво и кое гласовниот говор не го развива во целина спонтано и под нормални услови;

— лице со тежок губиток на слухот (линеарни и селективни редукции) од 60 до 85 децибели на подоброто уво, со сочувани конверзациони фреквенции и кај кое развитокот на гласовниот говор е значително попречен;

— лице со потежок губиток на слухот од 60 до 80 децибели на подоброто уво кое, пред оштетувањето на слухот, главно, го развило својот гласовен говор и со слушен апарат може да прима говор и кај кое може да се спроведе соодветна рехабилитација.

Глуво се смета лице кое има губиток на слухот преку 85 децибели и кое и со помош на слушен апарат не може да слуша говор. Според развитокот на глувоста, глувите лица се распоредуваат во 4 групи и тоа:

— лице кое пред губитокот на слухот го развило својот говор и во моментот на распоредувањето се уште добро зборува;

— лице кое пред губитокот на слухот го развило својот говор меѓутоа, поради непреземање мерки за оспособување, тоа делумно го заборавило говорот;

— лице кое оглувело пред да го развие својот говор, а делумен развој на говорот постигнало со посебни вежби;

— лице кое оглувело пред да го развие својот говор, а говорот и подоцна не го развило, туку станало немо — глувонемо.

Лицата со пречки во слухот од овој член, освен лицата од став 2 алинеја 1, се упатуваат на специјално воспитание и образование.

Член 5

Со пречки во говорот и гласот се сметаат лица чиј говор не одговара на нивната возраст или не е разбирлив, граматички и синтактички неизграден, со конвулзивни пречки во механизмот и автоматизмот на говорот, заради што им е потребно обезбедување на логопетски корективен третман, а по потреба заштита и лекување.

Според видот и степенот на попреченоста на говорот и гласот, овие лица се распоредуваат во 7 групи и тоа:

— лице со потполно отсуство на говорот — алалија;

— лице со патолошки и неразвиен товор — развојна дисфазија;

— лице со тешка назализација и отсуство на изговорени гласови — ринолалија;

— лице со пречки во говорниот механизам — дисартрија кај церебралната парализа;

— лице со тешки облици на пелтачење — дисартрија спастико;

— лице со губиток на порано стекнат говор — афазија; и

— лице со комбинација на наведените пречки.

Лица со поблаги облици на пречки наведени во ставот 2 од овој член како и лица со дислалии (неправилен изговор на гласовите), дислексии и дизграфии (пречки во читањето и пишувањето), не се распоредуваат.

Лицата од ставот 2 алинеја 4 од овој член се упатуваат на специјално воспитание и образование.

Член 6

Телесно-инвалидно лице се смета:

— лице со тешки и трајни пречки или оштетувања на локомоторниот систем и со тешки телесни деформитети;

— лице со потешки мускулни заболувања и оштетувања (церебрална парализа, мускулна дистрофија, мултипна склероза);

— лице со најтешки облици на хронични заболувања и со сериозно нарушена здравствена состојба.

На специјално воспитание и образование, како и оспособување за работа, се упатуваат само оние телесно инвалидни лица кои, поради своите трајни оштетувања и пречки, не се в состојба да посетуваат редовни училишта.

Член 7

Со пречки во психичкиот развиток се сметаат лицата кои, поради заостанување во психичкиот развој од примарно и секундарно потекло, во значителна мерка ќе заостанати во своето општо созревање и се попречени во способностите за учење и прилагодување на барањата на општествениот живот и работа, така да им е потребна заштита, нега, специјално воспитание и образование и оспособување за работа. Според степенот на попреченоста во психичкиот развиток, овие лица се распоредуваат во 4 групи и тоа:

— лице со лесна попреченост во психичкиот развиток кое постигнува количник на интелигенција од 51° до 70° и на кое му се потребни посебни услови за воспитание, образование, професионално односно работно оспособување;

— лице со умерена попреченост во психичкиот развиток кое достигнува количник на интелигенција од 36° до 50° и кое е во состојба да се стекнува со елементарни навики и да се грижи за своите основни потреби, да се оспособува за поедноставна работа и кое може да се прилагодува на основните барања на општествениот живот;

— лице со тешка попреченост во психичкиот развиток кое постигнува количник на интелигенција од 21° до 35° и е со многу ограничени умствени способности, а е во состојба да ги усвојува елементарните хигиенски навики и навиките за самопослужување, како и да се вклучува во некој наједноставни работни активности;

— лице со најтешка попреченост во психичкиот развиток кое постигнува количник на интелигенција помалку од 20° и е со крајно ограничени способности за активности и е во потполност и трајно упатено на помош и грижа од страна на други лица.

Лицата со пречки во психичкиот развиток од став 1 алинеја 1 и 2 се упатуваат на соодветно специјално воспитание и образование и професионално односно работно оспособување.

Мислењето за психичката попреченост се дава врз основа на оценка за општиот психички развиток, земајќи ги во вид емоционалниот и социјалниот развој на лицето. При тоа, се води грижа првенствено за личноста во целина како и за условите под кои лицето се развива и образува.

Член 8

Со повеќе видови на пречки, се сметаат лицата кои имаат две или повеќе пречки, во психичкиот односно физичкиот развиток, а не можат да се распоредуваат според физичките и психичките пречки од точка 1—5 на член 2 од овој правилник.

Член 9

Наод и мислење за видот и степенот на психофизичката попреченост на првостепениот односно второстепениот орган дава организација на здружениот труд (здравствена, социјална, образовна) која во рамките на својата дејност третира проблеми од областа на психофизичкиот развој на лицата со определен вид на попреченост.

Организацијата на здружениот труд од став 1 на овој член треба да има просторни услови и соодветна опрема како и определен број на стручни лица за определена психофизичка попреченост од кои најмалку три лица да се во работен однос во организацијата на здружениот труд.

Член 10

Организацијата на здружениот труд која дава наод и мислење треба да ги има следните стручни лица:

— за лица со пречки во видот: тифлопедагот психолог, офталмолог, педијатар и социјален работник;

— за лица со пречки во слухот: сурдопедагог, психолог, оториноларинголог, педијатар и социјален работник;

— за лица со пречки во говорот и гласот: логопед, психолог, оториноларинголог, педијатар и социјален работник;

— за телесно инвалидни лица: педагог, психолог, ортопед или физијатар, педијатар, психијатар и социјален работник;

— за лица со пречки во психичкиот развиток: олигофренопедагог, психолог, неуропсихијатар, педијатар и социјален работник; и

— за лица со повеќе видови на попреченост, наодот и мислењето го даваат стручни лица од алинеја 1—5 на овој член во зависност од примарната психофизичка попреченост, а се прибавуваат мислења и од други стручни организации на здружениот труд.

Член 11

Наодот и мислењето за распоредување се дава врз основа на непосреден преглед на лицето, како и врз основа на стручно испитување и опсервации.

Наодот и мислењето се дава на образец број 1 кој е составен дел на овој правилник.

Поединечните стручни мислења на стручните лица ги содржат суштинските психосоматски и другите карактеристики на лицето кои се констатирани во процесот на утврдувањето на видот и сте-

пенот на психофизичката попреченост со посебен опис од аспект на стручниот профил.

Поединечното стручно мислење се дава на образец број 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 12

Лицата распоредени според одредбите на овој правилник надлежниот орган со решение ги упатува во организации на здружениот труд за воспитание и образование односно заштита и рехабилитација или друг потребен третман во рок од 60 дена од денот на распоредувањето.

Член 13

Центарот за социјална работа односно општинскиот орган на управата надлежен за работите за социјална заштита (во натамошен текст: орган за социјална заштита), евиденцијата за лицата попречени во физичкиот и психичкиот развиток ја води во книга за евиденција на распоредени лица (книга за евиденција).

Книгата за евиденција се води според образец број 3 кој е составен дел на овој правилник.

Листовите на книгата се поврзани со тврди корици, обележени со број на страниците и запечатени со импрегниран восок.

Член 14

Во книгата за евиденција не смее ништо да се брише. Прецртаните зборови мораат да останат читливи. Евентуалните измени се заверуваат со потпис на овластеното лице.

Член 15

Податоците од книгата за евиденција како и податоците од поединечни стручни мислења за видот и степенот на психофизичката попреченост можат да бидат достапни само на заинтересирани организации на здружениот труд, самоуправни интересни заедници, органи, организации, здруженија и стручни лица кои преземаат мерки за успешно вклучување во општествениот живот и работа на лицата попречени во физичкиот и психичкиот развиток.

Член 16

Во случај на менување на живеалиштето на распоредeното лице, органот за социјална заштита во книгата за евиденција внесува забелешка за преселувањето и досието на лицето го доставува до надлежниот орган за социјална заштита во местото на преселувањето.

Органот за социјална заштита во местото на преселувањето го евидентира распоредeното лице во книгата за евиденција.

Член 17

На крајот на календарската година во книгата за евиденција се утврдува бројот на распоредените лице во тековната година.

Во наредната година запишувањето во книгата за евиденција се започнува со нова страница, а броевите се надоврзуваат на последниот број од претходната година.

Член 18

Извештај за бројот на распоредените лица се дава според образец број 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 01-01-162
14 јануари 1981 година
Скопје

| | |
|---|---|
| Согласен:<br>Републички секретар<br>за наука и образование,<br>**Анатоли Дамјаноски,** с. р. | Републички секретар<br>за здравство и социјална политика,<br>**Петар Џундев,** с. р. |

Образец број 1
формат 21 х 30 см.

НАЗИВ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

________________

Број ________

Дата ________

## НАОД И МИСЛЕЊЕ

За видот и степенот на психофизичката попреченост

Име и презиме на лицето ________
Пол, дата и место на раѓање ________
Име на таткото и занимање ________
Име на мајката и занимање ________
Адреса и место на живеење на лицето ________
Вид и степен на психофизичката попреченост ________
Мислење се дава (прв, втор или трет пат) ________

Мерки кои се предлагаат:
а) воспитание и образование ________
б) заштита ________
в) професионална рехабилитација ________
г) друг потребен третман ________
Датум за јавување на повторен преглед ________
Посебни напомени ________

М. П.

СТРУЧНИ ЛИЦА — Овластено лице

1. ________
2. ________
3. ________
4. ________

Образец број 2
формат 21 х 30 см.

Стручен профил на лицето кое дава мислење ________

## МИСЛЕЊЕ

на стручното лице

Име и презиме на прегледаното лице ________
Година на раѓање и адреса ________

Здравствена односно социјална анамнеза ________

Начин — тек на испитување на прегледот, применетите методи и инструменти (пр. психолошки тестови, медицинска техника и сл.) ________

Резултати од прегледот — испитување и стручни наоди и мислења за состојбата на лицето и неговата преостаната способност и можностите за натамошен развиток ________

Предлог за упатување и сместување на лицето, лекување, нега, воспитание и образование и професионална рехабилитација и друг потребен третман ________

Место и дата ________ — Потпис на стручното лице ________

Образец бр. 3
формат 80 x 30 см.

## КНИГА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА РАСПОРЕДЕНИ ЛИЦА

| Ред. бр. | Име и презиме, место и дата на раѓање, адреса и место на живеење | Име и презиме на таткото, име и презиме (и моминско) на мајката, адреса и место на живеење | Број и дата на решението со кое лицето е распоредено | Вид и степен на психофизичката попреченост (потполна дијагноза) | Мерки што треба да се преземат | Податоци за преземените мерки | Евентуални промени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Образец бр. 4
формат 30 x 20 см.

Назив на надлежниот орган

## ИЗВЕШТАЈ

за бројот на распоредените лица во 19—— г.

| | | | Возраст | | | | | | | | | Вкупно | Упатени во ОЗТ за | | | | Чекаат упатување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | до 7 год. | | | од 7—15 г. | | | над 15 г. | | | | восп. и образование | здравство | социјална заштита | оспособување | |
| | | | м | ж | се | м | ж | се | м | ж | се | | | | | | |
| 1 | Со пречки во видот | слабовидни | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | слепи | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2 | Со пречки во слухот | наглуви | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | глуви | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 | Со пречки во говорот и гласот | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 4 | Телесно инвалидни | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 5 | Со пречки во психичкиот развиток | лесно | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | умерено | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | тешко | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | најтеш. | | | | | | | | | | | | | | | |
| 6 | Со повеќе видови на попреченост | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | ВКУПНО: | | | | | | | | | | | | | | | | |

Место и дата М. П. Овластено лице

**82.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на членот 15, алинеја 2 и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија, на седницата одржана на 12 февруари 1981 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Табеларниот преглед (аналитичка процена), составен дел на Правилникот за распоредување на чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на Услужно-занаетчиската задруга „Нов живот“ во Охрид, донесена со референдум на 11 јуни 1979 година, во делот во кој се определени мерила по основот опасност за разболување и несреќен случај.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Услужно-занаетчиската задруга „Нов живот“ во Охрид на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 164/80 од 4 декември 1980 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата означена во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со уставното начело на распределба според трудот.

4. Во претходната постапка и на седницата од 4 декември 1980 година, Судот утврди дека во табеларниот дел од означениот правилник е предвидено дека директорот на задругата по основот „опасност од разболување и несреќни случаи“ добива 200 бода, другите работници во заедничките служби 50 до 90 бодови, додека работниците во молеро-фарбарската и берберо-фризерската работна единица добиваат до 80 бодови.

Во остварувањето на начелото на распределба според трудот, работниците во основната организација на здружениот труд, согласно ставот 1 на член 127 од Законот за здружениот труд, должни се да утврдат основи и мерила за распределба на средствата за лични доходи. Притоа, утврдувањето на основите и мерилата работниците не смеат да го сфатат само како формална обврска, туку се должни да поаѓаат од природата на работите што се извршуваат во основната организација, така што со утврдените основи и мерила да може да се вреднува стварно вложениот труд и придонесот на секој работник одделно што е битен услов за остварување на начелото на распределба според трудот. Со оглед на тоа што вреднувањето по основот „опасност од заболување и несреќни случаи“ е извршено формално и не е соодветно со можностите за заболување на работа или несреќен случај што кај одделни извршители реално постојат при извршувањето на одделни работи и работни задачи, Судот оцени дека табеларниот преглед на правилникот не е во согласност со уставното начело на распределба според трудот.

На основа изнесеново, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 164/80
12 февруари 1981 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

**105.**

Врз основа на член 63 од Законот за определени облици на општествена заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74 и 9/78), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 29. I. 1981 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1981 ГОДИНА

I

Стапката на придонесот од личен доход на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, за 1981 година, се утврдува на 2,95% од пропишаните основици со член 69 од Законот за определени облици на општествена заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1981 година.

Бр. 24/7
29 јануари 1981 година
Скопје

Претседател,
**Емине Адеми**, с. р.

**106.**

Врз основа на член 30 став 2 од Законот за определени облици на општествена заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74 и 9/78), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 29 јануари 1981 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ СЕ СМЕТА ДЕКА КОРИСНИКОТ НА ПРАВОТО НА ДОДАТОК НА ДЕЦА ГИ ИЗДРЖУВА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО И ДЕКА ЧЛЕНОТ НА СЕМЕЈСТВОТО НЕМА СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ ДОВОЛНИ ЗА ИЗДРЖУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определуваат условите под кои ќе се сметаат како издржувани лица членовите на семејството на корисникот на додаток на деца.

Член 2

Се смета дека корисникот на додаток на деца ги издржува членовите на поширокото семејство ако тие живеат со него во заедничко семејство и немаат сопствени приходи доволни за издржување.

Член 3

Се смета дека издржуваните членови на семејството немаат сопствени приходи доволни за издржување ако нивниот катастарски приход од земјоделие не го надминува износот од 738 динари годишно или ако другите приходи не го надминуваат износот од 588 динари месечно или ако катастарскиот приход и другите приходи заедно не го надминуваат износот од 7.080 динари годишно по едно издржувано лице.

Приходот од земјоделска дејност се сведува на месечен приход кога годишниот катастарски при-

ход се помножи со факторот кој одговара на односот на катастарскиот приход според народниот доход на индивидуалното земјоделство во СР Македонија што го утврдува републичкиот секретар за финансии, во согласност со републичкиот секретар за земјоделство и шумарство, и подели со 12.

Родителите на корисникот и неговиот брачен другар ќе се сметаат за издржувани лица ако ги исполнуваат условите утврдени со оваа одлука и ако навршиле 65 години живот за татко и 55 години живот за мајка.

Член 4

Членот на семејството кој не живее во заедничко домаќинство со корисникот ќе се смета за издржувано лице ако неговите сопствени приходи не ги надминуваат износите предвидени во членот 3 на оваа одлука и ако корисникот учествува во трошоците за неговата издршка со најмалку 588 динари месечно.

Член 5

Како приходи во смисла на член 3 од оваа одлука не се сметаат приходите кои не влегуваат во вкупните приходи на семејството на корисникот според член 27 од Законот за определени облици на општествената заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за условите под кои се смета дека корисникот на правото на додаток на деца ги издржува членовите на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување, бр. 08-101/1 од 29. IV. 1974 („Службен весник на СРМ", бр. 24/74), бр. 799/4 од 28. XII. 1978 година („Службен весник на СРМ", бр. 2/79) и бр. 1241/6 од 26. XII. 1979 година („Службен весник на СРМ", бр. 43/79).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1981 година.

Бр. 24/6
29 јануари 1981 година
Скопје

Претседател,
**Емине Адеми**, с. р.

---

**107.**

Врз основа на член 10 и 32 од Законот за определени облици на општествената заштита на децата и за самоуправните интересни заедници за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ", бр. 5/74 и 9/78), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 29 јануари 1981 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ РАБОТНИЦИТЕ И СО НИВ ИЗЕДНАЧЕНИ ЛИЦА ОСТВАРУВААТ ПРАВО НА ДОДАТОК НА ДЕЦА И ВИСИНАТА НА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА

Член 1

Со оваа одлука поблиску се уредуваат условите под кои работниците и со нив изедначени лица остваруваат право на додаток на деца, како и висината на додатокот на деца.

Член 2

Правото на додаток на деца се остварува во зависност од:

1. вкупните приходи на семејството;
2. возраста и степенот на школувањето на детето.

Член 3

Право на додаток на деца припаѓа ако вкупниот приход на член на семејството по основ од работен однос не го надминува износот од 1.625 динари месечно во претходната календарска година.

Како вкупни приходи, по основ од работен однос, во смисла на претходниот став, се и приходите:

1. надоместок на личен доход исплатен по прописите за здравствено осигурување;
2. пензија и други примања по основ на пензиско осигурување;
3. паричен надоместок за време на привремена невработеност;
4. надоместок на личен доход кога лицето се наоѓа на задолжителна практична работа или доусогручување;
5. вистинскиот приход од земјоделска дејност;
6. вистинскиот доход остварен од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност;
7. приходи од привремено вршење на други дејности и останати приходи (приход од издавање стан, деловни простории, приход од земјоделие по основ на користење на земја под закуп, работење на СИЦ и други приходи подложни на данок и придонес).

Член 4

Под вистински приход од земјоделска дејност, во смисла на член 3 став 2, точка 5 од оваа одлука, се зема катастарскиот приход според народниот доход на индивидуалното земјоделство во СР Македонија што го утврдува републичкиот секретар за финансии, во согласност со републичкиот секретар за земјоделство и шумарство.

Како вкупен годишен приход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, во смисла на член 3, став 2, точка 6 од оваа одлука, се зема основицата на данокот според која се утврдува вистинскиот доход на даночниот обврзник во тековната година.

Како приход од привремено вршење на други дејности и останати приходи во смисла на член 3, став 2, точка 7 од оваа одлука се зема вкупниот остварен приход утврден со договор, решение или друг акт на надлежен орган.

Кога семејството остварува приходи по основ на користење на земја под закуп, катастарскиот приход утврден за тоа земјиште претставува основ за утврдување на вистинскиот доход.

Член 5

Во случаите кога придонесот се плаќа во годишен паушален износ, вкупниот приход се утврдува на тој начин што висината на паушалниот износ се множи со 100 и добиениот износ се дели со просечната стапка на данокот утврден со одлука на собранието на општината за таа дејност.

Ако на подрачјето на општината не се врши таква дејност, се користи стапка на придонес за слична дејност.

Член 6

При решавањето за право на додаток на деца остварениот вкупен приход по еден основ се дели на 12, а потоа на бројот на членовите на семејството.

Кога се остваруваат приходи по повеќе основи, сите приходи се сведуваат на личен доход, се собираат и делат на 12, а потоа на бројот на членовите на семејството.

Член 7

Ако правото на додаток на деца се остварува во тековната година, месечниот износ на вкупните приходи се утврдува според решението за висината на личниот доход остварен во првиот полн месец по вработувањето.

За пензиите, надоместоците и другите примања остварени според посебни законски прописи се зема месечниот износ на тие примања што припаѓа во месец декември на претходната година, а ако

правото е остварено во тековната година се зема месечниот износ на примањата според решението по кое е признато правото.

Член 8

Ако корисникот на додаток на деца или член на неговото семејство според посебни прописи бидат ослободени од обврска за плаќање на придонесот од личен доход од земјоделска дејност, односно придонес од вршење на стопански и нестопански дејности, во тој случај овие приходи при утврдувањето на правото на додаток на деца се пресметуваат во вкупните приходи на семејството, со исклучок на ослободувањата дадени поради елементарни непогоди.

Член 9

При утврдувањето на вкупниот приход се зема предвид и делот од личниот доход од земјоделска дејност што се остварува од сосопственички дел на земјоделскиот имот односно сонаследнички дел на нераспределена оставина кој според наследното право му припаѓа на тоа лице, без оглед на тоа дали корисникот или членовите на неговото семејство живеат на тој имот.

Сразмерниот дел на катастарскиот приход од сосопственичкиот дел на земјоделскиот имот се утврдува така што целокупниот катастарски приход се дели на онолку еднакви делови колку што има членови кои го користат тој имот.

Член 10

Кога корисникот на додаток на деца или членовите на неговото потесно семејство живеат на земјоделскиот имот на сродници (браќа, сестри, родители, усвоители, очув, маќеа, свекор и свекрва, тест и тешта, дедо и баба) за определување на вкупниот приход по член на семејството се зема сразмерниот дел на катастарскиот приход од тој имот што отпаѓа на корисникот заедно со неговото потесно семејство.

Сразмерниот дел на катастарскиот приход се утврдува така што целокупниот катастарски приход се дели на онолку еднакви делови колку што има сродници кои живеат на имотот.

Член 11

Во зависност од остварените вкупни приходи во семејството корисниците на право на додаток на деца се распоредуваат во три цензусни групи и тоа:

I цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството не го надминува износот од 1200 динари;

II цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува 1200,01 до 1400 динари;

III цензусна група — ако вкупниот месечен приход по член на семејството изнесува од 1400,01 до 1625 динари.

Член 12

Висината на додатокот на деца изнесува:

1. За I цензусна група:

— за претшколско дете и дете во основно училиште, 415 динари месечно,

— за дете во средно училиште, 560 динари месечно,

— за дете во виша и висока школска установа 660 динари месечно.

2. За II цензусна група:

— за претшколско дете и дете во основно училиште, 310 динари месечно,

— за дете во средно училиште, 415 динари месечно,

— за дете во виша и висока школска установа, 485 динари месечно.

3. За III цензусна група:

— за претшколско дете и дете во основно училиште, 200 динари месечно,

— за дете во средно училиште, 330 динари месечно,

— за дете во виша и висока школска установа, 360 динари месечно.

Член 13

За дете со психофизички недостатоци кое е неспособно за рехабилитација и не е сместено во установа за социјална заштита, додатокот на деца се зголемува за 50% од износот што е утврден за претшколско дете и дете во основно училиште.

Член 14

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определувањето на условите под кои на работниците и со нив изедначени лица им се обезбедува право на додаток на деца, бр. 08-100/1 од 29. IV. 1974 год. („Службен весник на СРМ", бр. 24/74), бр. 148/1 од 25. III. 1975 год. („Службен весник на СРМ", бр. 13/75), број 89 од 5. II. 1976 год. („Службен весник на СРМ", бр. 6/76), бр. 842 од 28. XII. 1977 год. („Службен весник на СРМ", бр. 8/78), бр. 90/10 од 27. II. 1978 год. („Службен весник на СРМ", бр. 12/78), бр. 799/5 од 28. XII. 1978 год. („Службен весник на СРМ", бр. 2/79), бр. 1241/7 од 26. XII. 1979 год. („Службен весник на СРМ", бр. 43/79), Одлуката за определување висината на додатокот на деца бр. 08-102 од 29. IV. 1974 год. („Службен весник на СРМ", бр. 24/74), бр. 233 од 16. IX. 1974 год. („Службен весник на СРМ", бр. 40/74), бр. 138/1 од 19. III. 1975 год. („Службен весник на СРМ", бр. 13/75), бр. 87 од 5. II. 1976 год. („Службен весник на СРМ", бр. 6/76), бр. 1218/3 од 28. XII. 1976 год. („Службен весник на СРМ", бр. 14/77), бр. 842/5 од 28. XII. 1977 год. („Службен весник на СРМ", бр. 8/78), бр. 799/3 од 28. XII. 1978 год. („Службен весник на СРМ", бр. 2/79), бр. 1241/5 од 26. XII. 1979 година („Службен весник на СРМ", бр. 43/79) и Одлуката за вонредно зголемување на износите на додатокот на деца во 1980 година, бр. 839/2 од 5. XI. 1980 година („Службен весник на СРМ", бр. 8/80).

Член 15

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1981 година.

Бр. 24/5
25 јануари 1981 година
Скопје

Претседател,
**Емине Адеми,** с. р.

**108.**

Врз основа на член 50 од Законот за здравственo осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71), член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Пробиштип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Пробиштип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 30 декември 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПАТУВАЊЕ, ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕ И ПРЕСТОЈ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

I

При остварувањето на здравствена заштита во друго место надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, осигурените лица имаат право да ги корис-

тат средствата на јавниот сообраќај и тоа: автобус во патниот и втора класа воз во железничкиот сообраќај.

За извршеното патување на начин определен од претходниот став, на име трошоци за патување на осигуреното лице се исплатува износ во висина на стварните трошоци.

II

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита изнесува:

— 30 динари, ако патувањето се изврши до Медицинскиот центар Штип и Кочани;

— 130 динари, на подрачјето на Социјалистичка Република Македонија;

— 250 динари, ако се упатува во други републики односно покраини.

За децата до 15 годишна возраст се исплатува надоместок за исхрана и сместување за време на патување и престој во висина од 50% од износот определен од претходниот став.

III

Надоместокот на трошоците за исхрана и сместување од точка II на оваа одлука се исплатува во полн износ во случај кога патувањето и престојот трае подолго од 12 часа односно во висина од 50% од пропишаниот износ во случај кога патувањето и престојот трае од 8 до 12 часа.

Кога патувањето и престојот трае помалку од 8 часа надоместокот на трошоците за исхрана и сместување не се исплатува.

IV

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за износот на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита, број 01-397/1 од 27 декември 1979 година.

V

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1981 година.

Бр. 01-507/1
30 декември 1980 година
Пробиштип

Претседател,
дипл. геол. инж. **Игнат Ефремов**, с. р.

---

**109.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Пробиштип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Пробиштип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 30. XII. 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

I

На осигурениците кои здравствено се осигурени по Закон и самоуправните општи акти на Заедницата им припаѓа право на помош за спрема на секое новородено дете и тоа:

1) на осигуреник — жена;

2) на осигуреник — маж во случај на породување на неговата брачна другарка која е осигурена како член на неговото семејство;

3) на осигуреник — во случај на породување на било кое женско лице кое е осигурено како член на неговото семејство.

Помош за новородено дете припаѓа и во случај на породување на женско лице на семејството на кое му е обезбедено здравствена заштита поради тоа што осигуреникот се наоѓа на отслужување односно дослужување на воениот рок.

Помош и спрема за секое новородено дете припаѓа и:

1) за дете родено во рок од 340 дена од денот на смртта на осигуреникот односно од денот на разводот на бракот со осигуреникот од кого се изведува тоа право;

2) за дете родено надвор од брак, ако татковството е утврдено врз основа на признание или со правосилна судска одлука;

3) за усвоено дете на возраст до 6 месеци живот ако за тоа дете претходно не е исплатена помош.

II

Висината на помошта за спрема на секое новородено дете изнесува 500 динари.

III

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на износот на помошта за спрема на новородено дете, бр. 01-398/1 од 27 декември 1979 година

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1981 година.

Бр. 01-508/1
30 декември 1980 година
Пробиштип

Претседател,
дипл. геол. инж. **Игнат Ефремов**, с. р.

---

**110.**

Врз основа на член 32 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението, член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 27 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Пробиштип, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Пробиштип, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите, одржана на 30. XII. 1980 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО 1981 ГОДИНА

Член 1

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица изнесува:

— за лица до 1 година возраст, 1500 динари;

— за лица над 1 година возраст, 2600 динари.

Член 2

Надоместокот за закоп на осигурено лице надвор од подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Пробиштип се исплатува според Одлуката на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување каде што се врши закоп на осигуреното лице, ако тоа е поповолно за него.

Член 3

Во случај на смрт на осигуреникот, на членовите на семејството им припаѓа надоместок за по-

смртна помош во висина на еднократен износ од основот на надоместокот на личниот доход од претходната година.

Посмртната помош припаѓа на членовите на семејството ако умреното лице ги издржувало до неговата смрт.

Член 4

Ако закопот на осигуреното лице го изврши работна или друга организација на истата ѝ припаѓа надоместок на трошоците за помош во висина предвидена во член 1 на оваа одлука.

Член 5

Со денот на примената на оваа одлука престанува да важи одлуката за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице, број 01-399/1 од 27 декември 1979 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1981 година.

Бр. 01-509/1
30 декември 1980 година
Пробиштип

Претседател,
дипл. геол. инж. **Игнат Ефремов**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Ресмија Гола од Скопје, со стан на ул. „Гвадалахара" бр. 34, населба Шуто Оризари, против тужениот Гани Гола од Скопје, а сега со непознатата адреса на живеење. Се поканува тужениот Гани Гола да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење. Во колку тужениот не се јави, во рокот од 30 дена, на истиот ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд во Скопје II — Скопје, II П. бр. 2673/80 од 26. II. 1981 година. (13)

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 353 од 4. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 540-17 то запиша во судскиот регистар конституирањето на ООЗТ — ЦОУ „Елпида Караманди" — Битола, во состав на Работната организација за основно образование и воспитание „11 Октомври" — Битола, со неограничена одговорност.

Основни дејности: наставно-образовна дејност за деца до 15 годишна возраст.

Во правниот промет ООЗТ има полни овластувања.

Основната организација за своите обврски одговара неограничено со своите средства, а за обврските спрема другите основни организации во составот на работната организација само ако постои договор.

Основната организација ќе ја застапува Спировски Никола, индивидуален работоводен орган, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 353/80. (22)

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 359 од 12. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 636 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на работната организација Центар за печат и радио — Ресен, со. ЦО.

Основни дејности: 120312 — новинско-издавачка дејност (собирање на податоци, уредување и издавање на весник, билтен и други публикации кои се издаваат заради информирање на јавноста); 120350 — радио и телевизија (радиостаница).

Работната организација во правниот промет има целосни овластувања и целосна одговорност.

Работната организација ќе ја застапува Зоран Димитриевски, в. д. директор, со неограничени овластувања.

Основач на организацијата е Општинската конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на општината Ресен со решението бр. 01-351 од 11. XI. 1980 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 359/80. (24)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 4 од 21. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 2-1585-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на дејноста и на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Медитеран", ЦО и ограничено емство од село Моин, со следните податоци: Дејноста на Задругата се проширува со вршење на штедно-кредитно работење.

Досегашниот застапник на задругата Проданов Димитар, в. д. директор, се запишува како директор на задругата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 4/81. (29)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 27 од 14. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-1084-2-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Геолошкиот завод „Геозавод" Н. СОЛ. О со ООЗТ — Скопје, ООЗТ Институт за геотехника и хидрогеологија „Геопроект" Н. СОЛ. О — Скопје, ул. „254" бр. 6, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Борис Лазарев, дипл. градежен инженер, а како нов застапник се запишува д-р Душко Ѓузелковски, дипл. инж. геолог, в. д директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 27/81. (19)

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 254 од 4. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 62 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Самоуправната интересна заедница за образование и наука — Битола, со следните податоци: Самоуправната интересна заедница за образование и наука — Битола ја претставува претседателот.

Законски застапник на Заедницата е секретарот на Заедницата Петар Мито Марковски (член 77 од Статутот на Заедницата). Границите на овластувањата на законскиот застапник се утврдени со Статутот на Заедницата. Во член 88 се наведени овластувањата на законскиот застапник на Заедницата.

Му престанува овластувањето на Петар Арсов Целаковски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 254/80. (20)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1080 од 5. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 2-44-3-0-0 го запиша во судскиот регистар конституирањето на ООЗТ под фирма: Земјоделска задруга „Пчиња“ РО со ООЗТ, село Катланово. ООЗТ за производство, кооперација и промет „Трговкомерц“ — Крушево.

Пренотацијата на одлуката за организирање на основната организација на здружен труд е запишана во судскиот регистар со решението на судов, Фи. бр. 835 од 4. IX. 1980 година.

Основни дејности: откуп на водоземци (полжави, желки, ракови и др.), лековити растенија (тревки, корење, печурки идр.) и откуп на земјоделски производи (домати, пиперки, краставици, круши, јаболка, бостан и др.).

Основната организација во правниот промет со трети лица иступува во свое име и за своја сметка, освен за работите што со Самоуправната спогодба за здружување во земјоделска задруга ѝ се отстапени на задругата.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица оваа ООЗТ одговара со сите свои средства, а за обврските на задругата сторени во правниот промет со трети лица одговара неограничено солидарно.

ООЗТ ќе ја застапува Начески Петре, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1080/80. (642)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 319 од 22. X. 1980 година, на регистарска влошка бр. 634 го запиша во судскиот регистар основањето на Работната организација Спомен дом на културата во основање, Битола.

Основни дејности: 120331 — културно-образовна дејност.

Работната организација во правниот промет има целосни овластувања.

За обврските на Работната организација, во изградба, одговара основачот.

Работната организација ќе ја застапува Петар Целаковски, привремен инокосен работоводен орган на РО во основање. Склучува договори и други правни работи во врска со нејзиното основање, раководи со процесот на работата на Организацијата и истата ја претставува и се грижи за законитоста на работењето и ја задолжува организацијата финансиски со разни кредити.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 319/80. (634)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1079 од 4. XII.1980 година, на регистарска влошка бр. 2-27-0-0-0- го запиша во судскиот регистар уписот на директорот на Земјоделската задруга „Единство“, село Челопек, Тетовско, со следните податоци: Јаковчевски Младен, досегашен в. д. директор, се запишува како директор, со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1079/80. (635)

---

Окружниот стопански суд во Штип со решението Фи. бр. 40 од 19. I. 1979 година, на регистарска влошка бр. 1-482-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците на општината Штип — Штип.

Основни дејности:

— го спроведува старосното осигурување и ги врши работите за остварување правата на осигурениците;

— го планира и програмира развојот на старосното осигурување на земјоделците;

— го следи и проучува спроведувањето на старосното осигурување на земјоделците, презема и предлага мерки за развој и унапредување на истото;

— се грижи за обезбедување на потребните средства за минималната старосна пензија и семејната пензија до висината на минималната старосна пензија и редовната наплата на придонесите за старосното осигурување;

— утврдува услови за определување повисок износ на старосна пензија;

— одлучува за правата на осигурениците од старосното осигурување;

— обезбедува евиденција на осигурениците — корисници на пензија и му обезбедува податоци на органот за приходи на општината заради наплата на придонесот;

— врши и други работи, определени со Законот и Статутарната одлука.

Во правниот промет со трети лица Заедницата има неограничени овластувања и одговара со сите свои средства (целосна одговорност).

За обврските на основачите не одговара Заедницата и за обврските на Заедницата не одговараат основачите.

Емануел Атанасков, секретар, е овластен да ја застапува Заедницата во имотно-правните и други односи, кои произлегуваат од дејноста на Заедницата, врши и други правни работи во согласност со законот и Статутарната одлука.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 40/79. (629)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1059 од 24. XI. 1980 година, на регистарска влошка бр. 1-822-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Даме Груев“, ЦО — Градско, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Развигор Маневски, директор, без ограничување, а како нов застапник се запишува Каратулков Љубомир, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1059/80. (631)

---

Окружниот стопански суд во Штип со решението Фи. бр. 58 од 19. I. 1979 година, на регистарска влошка бр. 1-500-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на СИЗ на физичката култура со ЦО — Делчево.

Основни дејности: 140234

— планирање и програмирање развојот на физичката култура во сообразност со плановите за развој на општината;

— обезбедување средства за финансирање на физичката култура и проширување на материјалната основа за развој на физичката култура;

— донесување програми и утврдување критериуми за финансирање на физичката култура;

— усогласување програмите за активностите во областа на физичката култура и давање мислења и предлози за решавање на прашањата што се од значење за развојот на физичката култура;

— давање иницијатива за општествено договарање и програмирање на активностите за физичката култура, учеството во донесувањето на тие програми и грижа за нивното спроведување;

— грижа за документацијата од областа на физичката култура;

— вршење и други работи што се утврдени со законот, оваа спогодба и Статутот.

Во правниот промет со трети лица има неограничени овластувања и одговара со сите свои средства (целосна одговорност).

СИЗ не одговара за обврските на основачите и основачите не одговараат за обврските на СИЗ.

Заедницата ќе ја застапува Димитровски Владо, секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 58/79. (657)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 10 од 8. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-1196-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделскиот факултет, О. СОЛ. О со ООЗТ — Скопје, ООЗТ Институт за проучување на почвите — Скопје, булевар „Југославија" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник проф. Ангелина Стојковска, а како нов застапник се запишува проф. Јован Спировски, директор, без ограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 10/81. (4)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1086 од 22. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 2-1628-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Монтажната задруга „Енерго-Малеш", Ц.О. и ограничено емство — Скопје, ул. „Мито Хаџивасилев-Јасмин", блок 7, локал 3.

Задругата е основана со самоуправна спогодба за здружување во занаетчиската задруга од 17. XI. 1980 година од основачите: Стојан Калаџиски, Брајко Василевски, Санде Аврамовски, Февзи Саит и Трајче Манчевски, сите од Скопје.

Дејност: инсталатерска и водовод, гасни постројки и канализација, инсталатерска за централно греење и уреди за климатизација.

Задругата во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во правниот промет одговара со сите свои средства.

За обврските на Задругата сторени во правниот промет со трети лица емчат и задругарите во висина на здружениот влог, кој изнесува 2.000,00 динари.

Задругата ќе ја застапува Стојан Калаџиски, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1086/80. (2)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1117 од 30. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 2-1264-0-0-0 ги запиша во судскиот регистар привремените мерки и промената на лицето за застапување на Студентската задруга „Студент", ЦО — Скопје, ул. „Иво Рибар Лола" бб со следните податоци: Се брише досегашниот застапник, Доневски Ванчо, а како нов застапник се запишува Сарџовски Неделко, претседател на привремениот одбор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1117/80. (5)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 9 од 8. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-1174-2-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на СОЗТ Универзитетски центар за општествени науки — Скопје, Факултет за економски науки, Н. СОЛ. О со ООЗТ — Скопје. ООЗТ Економски институт — Скопје, ул. „Њуделхиска" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Добри Додевски, в. д. директор, а како нов застапник се запишува Бранко Зеленков, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 9/81. (6)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 7 од 7. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-162-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Кирил и Методиј", ЦО село Кучевиште, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Костадиновски Павле, директор, без ограничување, а како нов застапник се запишува Бочкарова Оливера, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 7/81. (7)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1157 од 30. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 1-280-0-0-0 го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Забавниот парк и детски игралишта „Младост", ЦО — Скопје, со следните податоци: Се запишува проширувањето на споредната дејност и со: 090140 — изработка и поправка на предмети од дрво.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1157/80. (8)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1160 од 30. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 2-1551-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Занатско-телевизорско-механичката задруга „Екран", ЦО — Скопје, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Мартиновски Љупчо, а како нов застапник се запишува Мартиновски Милан, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1160/80. (9)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1177 од 30. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 1-181-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Градежно-машинскиот центар за средно насочено образование „Чеде Филиповски-Даме", ЦО — Скопје, ул. „Иван Милутиновиќ" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Борис Китановски, директор, со ограничено овластување, а како нов застапник се запишува Панче Ралев, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1177/80. (10)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1144 од 26. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 1-1614-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Центар за радио, печат и издавачка дејност „Мито Хаџи Василев-Јасмин", ЦО — Кавадарци, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Фроска Костадинова, в. д. директор, а како нов застапник се запишува Фроска Костадинова, како директор со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1144/80. (12)

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 360 од 17. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 540-13 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО за основно образование и воспитание „11 Октомври", ООЗТ ЦОУ „Даме Груев" — Битола, со следните податоци: Име на лицето овластено за застапување Стојановски Борис, в. д. директор, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето за застапување на Марковски Петар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 360/80. (21)

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 365 од 24. XII. 1980 година, на регистарска влошка бр. 553-06 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ООЗТ — ЦОУ „Димитар Влахов“, село Љубојно, со следните податоци: Име на лицето овластено за застапување: Павле Кондовски, в.д. работоводен орган на ООЗТ — ЦОУ „Димитар Влахов“, село Љубојно, во границите на овластувањето предвидени со Статутот на ООЗТ — ЦОУ.

Му престанува овластувањето за застапување на Лембовски Стојан.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 365/80. (23)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 13 од 14. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-373-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Кирил и Методиј“, ЦО, село Стојаково, со следните податоци: Досегашниот в.д. директор Ристо Аврамчев се назначува во својство на директор на работната организација, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 13/81. (15)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 14 од 14. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-414-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Петар Мусев“, ЦО, Богданци — Гевгелија, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Ванев Ристо, индивидуален работоводен орган — директор, со неограничено овластување, а како нов застапник се запишува Чавдаров Никола, индивидуален работоводен орган, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 14/81. (16)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 35 од 19. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-659-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Крсте Мисирков“, ЦО, Куманово, ул. „Народна револуција“ бр. 43, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Димитар Стојанов, директор, а како нов застапник се запишува Петрушевски Трајче, директор, со неограничено овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 35/81. (17)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 8 од 8. I. 1981 година, на регистарска влошка бр. 1-1188-5-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Универзитет „Кирил и Методиј“ — Скопје, Универзитетски центар за математичко-технички науки — Скопје, ООЗТ Факултет за металургија — Скопје, ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 16, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Кирил Поп Тонев, декан, а како нов застапник се запишува д-р Нада Филиповска, декан.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 8/81. (18)

# РЕГИСТАР НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДУЌАНИ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ

Врз основа на решението У. бр. 08-101 од 1. V. 1980 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, под рег. бр. 25, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидаро-фасадер Методи Јован Штрбевски од село Смојмирово, Берово. Предмет на работењето на дуќанот е вршење на занаетчиски услуги од ѕидаро-фасадерскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Методи Јован Штрбевски. (17)

Врз основа на решението У. бр. 08-204/1 од 15. XII. 1980 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, запишан е во регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, под рег. бр. 27, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Фризерски занаетчиски дуќан „Бина“ на Голубина Стојан Чичаковска. Предмет на работењето на дуќанот е вршење услуги од фризерскиот занает.

Фирмата ќе ја потпишува Голубина Стојан Чичаковска. (3)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-180 од 20. X. 1980 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 52, страна 40/I, занаетчискиот дуќан под фирма: Колар Јован Пантев Шишовски, Берово. (18)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-184 од 3. XI. 1980 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 25, книга I, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Методи Јован Штрбевски, село Смојмирово, Берово. (19)

---

Врз основа на решението У. бр. 08212/1 од 24. XII. 1980 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 16, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Стојан Цветко Петровиќ, Берово. (1)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-213/1 од 24. XII. 1980 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии од рег. бр. 19, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Водоинсталатер Драгољуб Милош Јевтиќ, Берово. (2)

---

Врз основа на решението У. бр. 08-1/1 од 7. I. 1981 година на Одделението за стопанство на Собранието на општината Берово, избришан е од регистарот на занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии, од рег. бр. 24, книга II, занаетчискиот дуќан под фирма: Ѕидар Перо Павле Пачарски, село Будинарци, Берово. (4)

## СОДРЖИНА

Страна

78. Програма за спроведување на задолжителните видови на здравствена заштита на населението во Социјалистичка Република Македонија во 1981 година — 177

79. Одлука за премија на маслото за јадење 179

80. Одлука за утврдување локација на инвестиционен објект — Рудник за олово и цинк „Тораница“ со придружни објекти на подрачјето на општината Крива Паланка — — — — — — — — 180

81. Правилник за распоредување и евиденција на лицата попречени во физичкиот и психичкиот развиток — — — — — 180

82. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 164/80 од 12 февруари 1981 година 184

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

105. Одлука за утврдување стапката на придонесот од личен доход на Републичката самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата за 1981 година — — — — — — — — — 184

106. Одлука за условите под кои се смета дека корисникот на правото на додаток на деца ги издржува членовите на семејството и дека членот на семејството нема сопствени приходи доволни за издржување — — — — — — — — 184

107. Одлука за утврдување на условите под кои работниците и со нив изедначени лица остваруваат право на додаток на деца и висината на додатокот на деца 185

ПРОБИШТИП

108. Одлука за износот на надоместокот на трошоците за патување, исхрана и сместување на осигурените лица за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — — — — — — — — 186

109. Одлука за висината на износот на помошта за спрема на секое новородено дете — — — — — — — — — 187

110. Одлука за висината на надоместокот на трошоците за закоп на осигурените лица во 1981 година — — — — — — — 187

**СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ**

**Ви ги препорачува следните изданија:**

**ЗБИРКА НА СУДСКИ ОДЛУКИ 1975—1979 НА ВРХОВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА КНИГА II** Цена 250 динари

**НОВА ЗБИРКА ЗАКОН ЗА ВОДИТЕ**
(Објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 6/81)
Цена 45 динари

**ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД**
— второ издание — Цена 90 динари

**ЗАКОН ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ**
со објаснувања и судска практика и со обрасци — второ изменето и дополнето издание —
Цена 150 динари

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ЗА НАСЛЕДУВАЊЕТО И ВОНПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА**
— со објаснувања и судска практика и со регистар на поимите — Цена 95 динари

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ**
— со објаснувања — Цена 85 динари

**ЗАКОН ЗА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** Цена 43 динари

**ЗАКОН ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ** Цена 46 динари

**ЗБИРКА НА ПРЕКРШОЦИ**
— со објаснувања — Цена 120 динари

**ЗБИРКА НА ПРОПИСИ ОД СЕМЕЈНОТО ПРАВО**
со судска практика и со предметен регистар
— второ дополнето издание — Цена 65 динари

**ОСНОВИ НА КОМУНАЛНИОТ СИСТЕМ И КОМУНАЛНАТА ПОЛИТИКА** Цена 200 динари

**УПРАВАТА ВО САМОУПРАВНИОТ СИСТЕМ**
Цена 90 динари

**ЗБИРКА НА ОДЛУКИ И РЕШЕНИЈА НА УСТАВНИОТ СУД НА МАКЕДОНИЈА**
Цена 50 динари

Порачки прима Службата за претплата на Службен весник на СРМ — 91000 Скопје. По уплата на парите на жиро сметка 40100-603-12498 книгата веднаш се доставува заедно со сметка.

**Издавач: Работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**